РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-299/4
26.08.2025 година
С К О П Ј Е

## ЗАПИСНИК

**од двесте триесет и седмата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 08 август 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 08 август 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте триесет и седма седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Златко Биковски, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО. Преку двонасочна електронска комуникација со видеоповик, присуствува: Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и м-р Башким Бесими, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше дека Управниот одбор е присутен во полн состав и материјалите за седницата се доставени. Констатираше дека се исполнети услови за одржување на двесте триесет и седмата седница на Управниот одбор, по што премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 236-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Разгледување на Известување за повлекување од членство во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители од Андреја Весов број 03-105/9 од 17.07.2025 година.
3. Разно.

Бидејќи немаше пријавени за збор, вака предложениот дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записник од 236-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор укажа дека во врска со оваа точка, увидена е техничка грешка на страна 7 во предлог записникот, поточно дека е направена пермутација на имињата на членот на УО, Антоанета Димовска и членот на УО, Спасенка Андонова, по што истата веднаш беше корегирана. Со оглед на тоа дека немаше дополнително пријавени за збор, Записникот од 236-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Следно, **втората точка** на дневен ред се однесуваше на Разгледување на Известување за повлекување од членство во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители од Андреја Весов број 03-105/9 од 17.07.2025 година. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка. Бидејќи немаше пријавени за збор, претседателот на Управниот одбор констатираше дека Управниот одбор едногласно донесе Одлука за престанок на мандатот на членот на Програмскиот совет Андреја Весов, согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители. Беше задолжена директорката на Академијата да достави известување до Министерството за правда на РСМ, со барање, најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за престанок на мандатот, да номининира нов член. Со оглед на тоа дека дискусијата по однос на оваа точка беше исцрпена, се премина кон наредната точка на дневен ред.

**Последната точка** на дневен ред беше точката разно. Под точка беше извршена корекција на Планот за јавни набавки за 2025 година, така што беше прецизиран називот на една јавна набавка и тоа од зборот „сервер" во „серверска и мрежна опрема".

Следно, за збор се јави членот на УО, Златко Биковски, кој укажа дека со оглед на тоа дека веќе е поминато пола година од 2025, би сакал за следната седница да биде доставен преглед на број на одржани обуки во рамки на континуираната обука со теми и број учесници. Останатите членови на Управниот одбор се согласија со ова барање, по што беше задолжена Академијата до Управниот одбор да достави ваков преглед.

За збор се јави членот на УО, Беса Адеми, која постави прашање дали има најава за наредна седница во месец август, на што претседателот на Управниот одбор одговори дека доколку има потреба Академијата дополнително навремено ќе извести за истото.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 237-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

_______________________

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси